# 1. Предлог текст за Правилник за воспоставување на Национален информативен систем за природа (НИСП)

*Член 1*

*Опсег*

*Овој правилник го регулира формирањето на Националениот информативен систем за природа (НИСП) и:*

- *Целите што ќе се постигнат со воведувањето на НИСП;*
- *Надлежна институција за нејзино основање, одржување и развој;*
- *Структура и организациска поставеност на НИСП;*
- *Содржина на податоците на НИСП;*
- *Видови на корисници / субјекти на НИСП,*
- *Права и обврски на сите учесници во одржувањето, развојот и користењето на НИСП;*
- *Начини за пристап до НИСП.*

*Потребата за воспоставување на НИСП се заснова на критериумите утврдени со Законот за заштита на природата, особено член 171 Евиденција за заштита на природата, член 172 Катастар на заштитени подрачја, член 173 Регистар на природно наследство и член 176 Воспоставување на Национален информативен систем за биолошка разновидност.*

*Член 2*

*Термини што се користат во овој Правилник*

- *НИСП - Национален информативен систем за природа. НИСП е направен со цел управување со информациите поврзани со биолошката разновидност, геодиверзитетот, заштитените подрачја и други сродни информации, како на пример, живеалишта и загрозените видови на Република Северна Македонија. Со НИСП раководи и управува Чувар на податоци, кој во моментот е Министерството за животна средина и просторно планирање. Податоците во НИСП може да содржат целосно достапни податоци, како и податоци со ограничена употреба;*
- *Централна база на податоци - Организациска структура која со помош на соодветен хардвер и софтвер овозможува снимање, чување и обработка на податоци за биолошката разновидност и други сродни податоци;*
- *Десктоп кориснички интерфејс - Апликациско решение дизајнирано за Давателите на податоци и Посебните корисници на податоци кои работат на внесување и прегледување на различни податоци за биолошка разновидност. За користењето на оваа апликација, неопходно е да се потпише Договор за користење на податоци за биолошка разновидност на НИСП помеѓу Чуварот на податоци и Договорната страна;*
- *Веб-кориснички интерфејс - Апликациско решение наменето за јавен пристап на отворените податоци за биолошка разновидност;*
- *ГИС - Географски информативен систем;*
- *Податоци - Индивидуални записи зачувани во дигитална форма. Бројот на записи може да варира од неколку до милион. Тие може да вклучуваат текст, броеви, фотографии, аудио или слична содржина, како и сродни метаподатоци;*
- *Метаподатоци - податоци што опишуваат други податоци;*

- *Отворени податоци за биолошка разновидност - Податоци кои не се дефинирани како податоци со ограничена употреба;*
- *Сет на податоци- Збир на податоци или метаподатоци;*
- *Податоци со ограничена употреба - Податоци кои содржат особено чувствителни или доверливи информации. Податоците за видовите обично се класифицираат како податоци со ограничена употреба, доколку постојат реални причини да се верува дека отворањето на овие информации за јавноста може да биде закана за заштитата на видовите. Друга причина за класифицирање на податоците како податоци со ограничена употреба е најчесто забраната за истражување согласно политиката на употреба на податоци на институтот за истражување. Најпосле, сопственикот на податоци може да ја ограничи употребата поради било која друга рационална и оправдана причина;*
- *Даватели на податоци - Поединци и институции кои работат на полето на истражување и/или зачувување на биолошката разновидност и на заштитените подрачја, обезбедување и споделување на податоци со други лица и институции;*
- *Посебни корисници на податоци - Поединци и институции кои преку идентификација добиле пристап до податоците во НИСП;*
- *Идентификација - настан со којшто се потврдува идентитетот на корисниците на НИСП;*
- *Чувар на податоци - Орган кој управува со НИСП;*
- *МЖСПП - Министерство за животна средина и просторно планирање.*

## *Член 3*

## *Потреба од НИСП и целите кои треба да се постигнат со неговото воведување*

*За да се добијат сигурни информации за состојбата на зачувувањето на биолошката разновидност, идентификуваните биолошки вредности и заканите со кои се соочуваат, како и за предложените и преземените активности за управување, но и за потребата од понатамошни активности, треба да се воспостави сеопфатен систем за управување со податоци.*

*Преку развојот на институционалните и системските капацитети, НИСП*

- *ќе го подобри квалитетот на управувањето и заштитата на биолошката разновидност и заштитените подрачја;*
- *ќе ги подобри националните бази на податоци и информации и со соодветна технолошка поддршка ќе овозможи различни начини на пристап до овие информации;*
- *ќе ги подобри системите за носење на одлуки и ќе ги поддржи правните процеси преку обезбедување на алатки за пристап и анализа на овие податоци и информации;*
- *ќе помогне во известувањето за прашања поврзани со биолошката разновидност кои произлегуваат од преземените обврски од национални и меѓународни конвенции, како што е Конвенцијата за биолошка разновидност (КБР) и идното законодавство на ЕУ, како што е новоизменетата Директива за проценка на влијанието врз животната средина (ПВЖС);*
- *ќе поддржи други процеси во земјата, вклучително, но не ограничувајќи се на:*
    - *Просторното планирање (просторни, генерални, детални и други планови);*
    - *издавање на дозволи (експлоатација на минерални и други ресурси, концесии и сл.);*
    - *планирање и изведување на градежни и други активности;*

- *други активности што може да влијаат врз заштитата на биолошката разновидност, заштитените подрачја или подрачја на Натура 2000.*

## *Член 4*
## *Одговорна институција*

*Институцијата надлежна за воспоставување и одржување на НИСП се смета за Чувар на податоци.*

*Чуварот на податоци е одговорен за сите аспекти на НИСП, вклучувајќи:*

- *обезбедување на технички средства потребни за инсталација и одржување на НИСП:*
  - *сервери, софтверски апликации и податоци;*
  - *кориснички интерфејси, десктоп и веб, за снимање и прегледување на податоци во НИСП;*
  - *Соодветна заштита и одржување на системот, вклучувајќи и резервно зачувување на податоците (бекап), заштитен ѕид, антивирусна заштита, и тн.;*
- *Стандардизирана процедура за пристап до податоци;*
- *одржување на квалитативна и квантитативна контрола на содржината на податоците;*
- *водење на евиденција и идентификација на лица и институции одговорни за одредени аспекти на биолошката разновидност;*
- *зачувување на интегритетот на националната база на податоци;*
- *дополнително надградување и прилагодување на НИСП, во согласност со идентификуваните потреби и/или барања на корисниците;*
- *Насоки и обука за користење на НИСПод различни категории на корисници;*
- *персонал за поддршка на системот.*

*Според сегашниот начин на организација во областа на зачувувањето на природата, Чуварот на податоци е Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП). МЖСПП може да делегира должности кои според ставот 1 и 2 од овој член му припаѓаат на органот надлежен за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата според член 155 од Законот за заштита на природата.*

## *Член 5*
## *Содржина на податоци и софтверска градба на НИСП*

*Содржината на податоците во НИСП се состои од информации за видовите, живеалиштата, геодиверзитетот и националната еколошка мрежа на Република Северна Македонија.*

*Може да бидат вклучени следниве видови на податоци:*

- *Следење и мапирање на податоците: собрани, комбинирани и обработени податоци со цел да се изготват мапи или статистика, или да се спроведе мониторинг;*
- *Опсервациски податоци - записи без прибрани примероци од видот;*
- *Просторни податоци и локации поврзани со видот на сетот на податоци (датасетот), како што се локацијата или регионот на прибирање или опсервација, локации на одделни прибирања и т.н.;*

- *Материјали со кои се документираат прибирањето на примероци од видот или направените опсервации, како што се фотографии, аудио снимки, цртежи, и т.н.;*
- *Номенклатури и таксономски хиерархии;*
- *Резултати од научно мерење и класификација;*
- *Податоци за прибрани примероци од видот; Прибраните примероци од видот вклучуваат целосни организми, макро- или микроскопски делови од организмот, примероци од ткивото или ДНК и фосили;*
- *Податоци за приберени примероци од сорти на живи растенија, габи или микроби; сортата може да се состои од еден или повеќе индивидуални примероци или израстоци, или неколку примероци или израстоци добиени од единечно семе или спора, или вегетативна репродукција или размножување.Тие може да бидат во различна фаза на нивниот животен циклус (на пример, спора, семе, расад, целосно израснати);*
- *Различни резултати од анализата: резултати од примероците, соодносот на изотопот и анализата на составот на елементите, ДНК секвенците и анализата на генотипот и други релевантни сознанија од процесот;*
- *Лични податоци поврзани со видот на сет на податоци наведени погоре, како што се име и организација на производителот на податоци, контакт информации, и т.н*

*НИСПфункционира како софтверски систем составен од модули поделени во однос на функционалност, администрација и користење:*

- *Централна база на податоци, како единствена национална база на податоци за биолошката разновидност и заштитените подрачја во Република Северна Македонија;*
- *Десктоп кориснички интерфејс, наменет за Чуварот на податоци којшто е администратор на системот и за Посебни корисници на податоци кои во рамките на своето работње внесуваат и споделуваат податоци за биодиверзитет;*
- *ВЕБ кориснички интерфејс, наменет за јавноста, за внесување и прегледување на информации за биодиверзитетот.*

## *Член 6*
## *Начини на пристап до НИСП и водови на кориснички интерфејс во системот*

*Пристапот до НИСП може да се добие на три начини:*

- *Преку сопственост на софтверскиот систем и содржината на податоците од страна на Чуварот на податоци;*
- *Преку договор со Чуварот на податоци и Давателите на податоци и Посебните корисници на податоци;*
- *Преку веб-интерфејс од страна на јавноста.*

*Постојат четири типа на кориснички интерфејси во НИСП.Секоја група има различни права и привилегии во системот, кои се определуваат преку различни кориснички интерфејси обезбедени од страна на Чуварот на податоци. Секоја од групите може да има подгрупи, доколку се потребни повеќе нивоа на функции во рамките на групата.*

*Во НИСП се предвидени се следниве групи на кориснички интерфејс:*

- *Претставници на Чуварот на податоци, кои имаат соодветни права за пристап до системот за да*

  - *ги евидентираат и идентификуват корисниците на системот и да ги дефинираат нивните права за пристап;*
  - *ги евидентираат и прегледуваат податоците во системот;*
  - *ги евидентираат и прегледуваат метаподатоците во системот;*
  - *ги одобруваат (верификуваат) податоците внесени од Давателите на податоци;*
- *Даватели на податоци, кои имаат соодветни права за пристап до системот за да*
  - *ги евидентираат и прегледуваат податоците во системот;*
  - *ги евидентираат и прегледуваат метаподатоците во системот;*
- *Посебни корисници на податоци, кои имаат соодветни права за пристап до системот за да*
  - *вршат преглед на отворени податоци во системот;*
  - *ги прегледуваат метаподатоците во системот;*
  - *прегледуваат посебни податоци со ограничена употреба потребни во нивното работење;*
- *Јавноста, која има соодветни права за пристап до системот за да:*
  - *вршат преглед на отворени податоци во системот;*
  - *ги прегледува метаподатоците во системот;*

# 2. Предлог текст за Правилник за размена на податоци за биолошка разновидност, со анекс - образец за Договорот

*Член 1*

*Опсег*

*Овој правилник ја регулира размената на информации за биолошката разновидност и договорите поврзани со податоците за биолошката разновидност во Националниот информативен систем за природа (НИСП); вклучително и*

- *Целта на стандардизираната постапка за договор;*
- *Видови договори;*
- *Содржина на договорите;*
- *Политиката за податоци за НИСП.*

*Член 2*

*Термини што се користат во овој Правилник*

- *НИСП - Национален информативен систем за природа.НИСП е направен со цел управување со информациите поврзани со биолошката разновидност, геодиверзитетот, заштитените подрачја и други сродни информации, како на пример, живеалишта и загрозените видови на Република Северна Македонија.Со НИСП раководи и управува Чувар на податоци, кој во моментот е Министерството за животна средина и просторно*

*планирање. Податоците во НИСП може да содржат отворено достапни податоци, како и податоци со ограничена употреба;*

- *Чувар на податоци - Организација одговорна за безбедно чување, транспорт, складирање на податоци и спроведување на договорените услови со сопствениците на податоци.Чуварите на податоци се  одговорни и за техничкото опкружување и структурата на базата на податоци во НИСП;*
- *Политика за податоци - Политиката за податоци ги опишува принципите за споделување на податоците зачувани во НИСП.*
- *Договорен орган - Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) или друга надлежна институција која се јавува во својство на Чувар на податоци за НИСП;*
- *Партнер - Лице или организација што склучува договор со Договорниот орган.*

## *Член 3*

## *Цели и содржина на стандардизираната постапка за договор*

- *Постапката за договор во врска со размената на информации за биолошка разновидност помеѓу договорниот орган и партнерите завршува со стандардизиран договор подготвен во согласност со двете страни.Целта на стандардизираната постапка за договор е да се гарантира квалитетот на содржината на податоците на НИСП; да се осигура дека податоците се користат само за одобрени цели; да се обезбеди доверливост на информациите; да се овозможи идентификација на корисниците на системот и да се дефинираат правата на интелектуална сопственост поврзани со податоците.*
- *Дефинирањето на содржината на договорите има за цел да осигура дека нема да се применат несоодветни мерки при обезбедување или користење на податоците во НИСП, што е од клучно значење за веродостојноста на НИСП.*
- *Со потпишување на договор со Договорниот орган, Партнерите ќе добијат пристап за копирање, преземање и користење на податоците за биолошка разновидност, кои се чуваат и управуваат во Националниот информативен систем за природа на Република Северна Македонија (НИСП).*
- *За легитимен договор може да се користи само стандардниот модел на договор (даден во Анекс I на овој Правилник). Ниту еден друг вид договор не може да произведе никаква обврска или привилегија за размена на податоци за биолошката разновидност во рамките на НИСП.*

## *Член 4*
## *Политиката за податоци за НИСП*

*Политиката за податоци ги опишува принципите за споделување на податоците зачувани во НИСП.Политиката е транспарентна за сите заинтересирани. Политиката претставува основа за Договорниот орган во однос на тоа како, на пример, може да се користат податоците со ограничена употреба од страна на Партнерот, кој е овластен преку договор со Договорниот орган. Политиката за податоци е објавена во Анекс II на овој Правилник.*